03-874/3
03.11.15

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Директорот на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, на ден 03.11.2015 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за внатрешна организација на Агенцијата за енергетика на Република Македонија

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат внатрешната организација на Агенцијата за енергетика на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција за енергетика), видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начините и формите на раководење со делокругот на работа во Агенцијата за енергетика, како и графички приказ на внатрешната организација на Агенцијата за енергетика (органограм).

### Член 2

Графички приказ на внатрешната организација на Агенцијата за енергетика (органограм) е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој Правилник.

## II. ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

### Член 3

Организациските единици кои се формираат во Агенцијата за енергетика се Одделенија.

### Член 4

Во Агенцијата за енергетика се формираат следниве одделенија:

1. **Одделение за финансиски прашања**
2. **Одделение за правно – административни прашања;**
3. **Одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.**

## III. ДЕЛОКРУГ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

### Член 5

**1. Одделение за финансиски прашања**

Одделението за финансиски прашања на Агенцијата за енергетика е надлежно за извршување на следните работи и задачи:

- управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средства на Агенцијата, утврдени со буџетот на Агенцијата;
- подготвување и контрола на буџетот на Агенцијата и неговите измени и дополнувања;
- подгототвување и следење на извршувањето на финансиските планови (месечен, квартален, и годишен), за извршувањето на буџетот на Агенцијата;
- подготовка на Годишниот финансиски и извештај за работењето,
- подготовка на Стратешкиот план и на Годишната Програма за работа на Агенцијата;
- применување на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на финсиите, сметководството и буџетското работење.
- вршење на студиско-аналитички и стручно-оперативни работи во областа на економско-финансиските работи,
- изготвување на анализи, мислења и информации од редовбното работење на Агенцијата и од учеството во реализација на донаторски и други проекти.

## 2. Одделение за правно – административни прашања

Одделението за правно – административни прашања на Агенцијата за енергетика е надлежно за извршување на следните работи и задачи:

- следење и примена на законите и другите прописи и општи акти во врска со правните и другите прашања од областа на енергетиката;
- нормативно-правни и стручно-оперативни задачи од областа на правните и другите прашања;
- функционална анализа на работните места во Агенцијата за енергетика и изработка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- подготовка на акти кои произлегуваат од законските и подзаконските акти кои се однесуваат на вработувањето, правата, должностите, одговорностите, престанокот на вработувањето и другите акти во врска со административните службеници од аспект на управување со човечките ресурси;
- давање на стручна помош во врска со спроведувањето на политиките и законските прописи од областа на енергетиката, на јавните набавки, управувањето со човечки ресурси, административни прашања и архивско работење;
- подготовува мислења, предлози и иницијативи по предлог закони и подзаконски акти, потребните упатства и толкувања за спроведување на законската и подзаконската регулатива од делокругот на работење на Агенцијата, и учествува во работни групи при оформување на ставови и мислења при подготвување на предлози на закони, подзаконски акти, и други прописи од делокругот на работење на Агенцијата,
- подготовува планот за јавни набавки, план за обуки на вработените, го следи нивното извршување, ги контролира предлог стратешките и годишните планови за работа и полугодишните и годишните извештаи за работењето на Агенцијата во делот на финансиите,
- дава иницијатива за промени на правилниците за организација, систематизација и други интерни акти на Агенцијата, како и на плановите за обука на вработените во Агенцијата,

## 3. Одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија

Одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија е надлежно за извршување на следните работи и задачи:

- спроведување на законски прописи, подзаконските акти и Европски директиви од областа на искористувањето на обновливите извори на енергија, енергетската ефикасност и другата релевантна регулатива од делокругот на работење на одделението;
- следење на исполнувањето на националната стратегија, акциониот план за искористување на обновливи извори на енергија и акциониот план за енергетска ефикасност;
- подготовување и контрола на објавувањето на јавни повици за избор на правни лица обучувачи за енергетски контролори, како и подготовка на програмите за обука и за усовршување на енергетски контролори;
- координирање на подготовката и одобрување на потребните извештаи за активностите во областа на енергетската ефикасност;
- координирање и учество во подготовката на стратешките и годишните планови за работењето на Агенцијата во делот на активности за енергетска ефикасност;
- следење на примената на упатството за примена на мерки за енергетска ефикасност и заштеда на енергија при определувањето на карактеристиките на стоките и услуги кои се предмет на јавните набавки;
- применување на методологијата „од доле нагоре“ и „од горе надолу“ за утврдување и верификација на потрошувачката на енергија во јавниот сектор,
- подготвување на упатства, прирачници и водичи од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија,
- вршење на контрола на работењето и води регистар на постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија,
- водење на евиденција за издадените одобрувања за мерење на потенцијалот на обновливите извори на енергија и ги подготвува потребните извештаи;
- вршење на истражување на искористувањето на обновливите извори на енергија и влијанието врз квалитетот и цената на електричната енергија, намалувањето на емисиите на стакленички гасови и заштитата на животната средина,
- оценување на усогласеноста на општинските програми за енергетска ефикасност со националната стратегија за енергетска ефикасност

- подготвување на програмата за обука на енергетски контроли и програмата за усовршување на енергетските контролори, и спроведува постапка за избор на правни лица за обука на енергетски контролори,
- прибирање и обработка на податоците за извршените енергетски контроли;
- водење на евиденција за издадени сертификати за енергетските карактеристики на згради,
- воспоставување и одржување на информациски систем за енергетска ефикасност,
- уредување и ажурирање на веб страната на Агенцијата,
- обезбедување на информации и соработка со потенцијалните домашни и меѓународни инвеститори во енергетски проекти.

## IV. НАЧИН НА РАБОТА

### Член 6

Заради ефикасно работење и целосно остварување на работите и задачите на Агенцијата за енергетика, директорот формира колегиум.

Колегиумот го сочинуваат:

1. Директорот;

2. Раководителот на одделението за финансиски прашања

3. Раководителот на одделението за правно – административни прашања; и

2. Раководителот на одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Во зависност од значењето и од сложеноста на прашањата што се разгледуваат на стручниот колегиум, на покана од директорот, може да присуствуваат и други административни службеници.

### Член 7

Со одделенијата во Агенцијата за енергетика раководат раководители на одделенија.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи административниот службеник со највисоко звање во одделението кој го определува директорот.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

**Член 9**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за организација и работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија со број 01-9/1 од 11.07.2006 година.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор на Агенција за енергетика**
**на Република Македонија,**
**М-р Александар Дуковски,деи**

Бр. 01-874/3
03.11.2015 година